# СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ 2024-2028

# Стратегија за локален економски развој на Општина Центар-Скопје 2024-2028


Изработеан од:

Весна Михајлова Куковска - раководител на Сектор за локален економски развој

Елена Чалческа Ташаминова - Сектор за јавни дејности

Анастазија Бабуловска - Сектор за локален економски развој

Дизајн и обработка:

Цветко Грујоски - Сектор за јавни дејности

Јазична обработка:

Силвана Блажева

Во соработка со:

граѓански и бизнис-сектор

## СОДРЖИНА

1. Предговор од градоначалникот

2. Извршно резиме

3. Визија

4. Стратешки цели

5. Вовед

6. Процес на изработка на Стратегија за локален економски развој

7. Локална економска анализа

- Локална економска структура
- Локална соработка и вмрежување
- Бизнис-опкружување, транспарентност и администрација без корупција
- Пристап до финансии и финансиска поддршка
- Земјиште и инфраструктура
- Регулаторна и институционална рамка
- Вештини и човечки капитал, инклузивност
- Надворешно позиционирање и маркетинг

8. SWOT анализа

9. Акциски план со мониторинг индикатори

10. Мониторинг

11. Извори на финансирање

# 1. ПРЕДГОВОР ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Почитувани сограѓани,

Со големо задоволство би сакал да ве известам дека по успешно завршениот процес на изработка, нашата урбана Општина сега располага со комплетан и целосна Стратегија за локален економски развој. Оваа стратегија претставува резултат на повеќемесечна анализа, консултации и експертски труд, со цел да ги идентификуваме најдобрите начини за да ги поттикнеме економскиот раст и развојот на нашата Општина.

Во рамките на Стратегијата определивме низа активности што се насочени кон подобрување на бизнис-климата, поддршка на локалните бизниси, инвестирање во инфраструктурата, стимулирање на иновациите и креативност, како и подобрување на квалитетот на животот на нашите граѓани.

Убеден сум дека имаме причина да бидеме горди на успешно завршената работа и верувам дека Стратегијата ќе биде витален инструмент во нашите напори за обезбедување благосостојба и напредок за сите наши сограѓани.

Со заеднички сили може да ја пренесеме оваа стратегија во реалност и да ја видиме нашата Општина како просперитетна, иновативна и пријатна за живеење.

Со оглед на значењето на економскиот развој за нашата урбана Општина и со цел да ги подобриме условите за живот на нашите граѓани, би сакале да ви го претставиме предлогот за разработка на Стратегија за локален економски развој.

Оваа стратегија е резултат на анализата на сегашната состојба на нашата Општина, како и на потребите и можностите за раст и напредок. Стратегијата цели да ги идентификува клучните области за интервенција и да предложи конкретни мерки и акции што ќе ги поддржат економската активност и развојот на локалната заедница.

Веруваме дека со заедничка поддршка и ангажман може да ја оствариме визијата за урбана општина со развојна и инклузивна економија.

м-р Горан Герасимовски
градоначалник



## 2. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Општина Центар-Скопје е активно вклучена во проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“, кој е имплементиран од УСАИД, каде што една од активностите е поддршка за подготовка или ажурирање на нови/постојни стратегиски планови или стратегии за локален економски развој за период од четири години.

Стратегијата го идентификува локалниот економски развој како приоритетен и изработен е од општинската администрација, односно од Секторот за локален економски развој и Секторот за јавни дејности, со вклучени претставници од граѓанскиот и од бизнис-секторот.

На подготовката на Стратегијата за локален економски развој ѝ претходеше изработка на анализа на локалната економија, анализа SWOT на локалната економија на Општината и дефинирање на стратегиските цели. Од ова произлезе акциски план со финансиска конструкција за нив, што изнесува околу 200 милиони денари.

Општина Центар-Скопје се наоѓа на централна позиција во градот Скопје. Општината зафаќа 8 $км^2$ и има 43.893 жители. Таа е седиште на најголем број установи со административен, политички, образовен, културен и трговски карактер, но и станбен дел што е најгусто населен во целата земја. Општина Центар-Скопје важи за атрактивно место за живеење, работа, посета и инвестирање во споредба со другите општини во градот Скопје, па и во целата држава.

Слаби страни на локалната економија во Општината се: недостиг на урбанистички планови, висока стапка на емиграција на квалификуван образовен кадар, нема доволно интерес кај невработените поради ниските плати, слаба комуникација помеѓу бизнисите, недостиг на заедничко дејствување на локалната бизнис-заедница, како и непостоење на туристичка мапа и сл.

## 3. ВИЗИЈА

Општина Центар-Скопје го претставува урбаното јадро на градот што континуирано се развива и надградува и се поставуваат нови стандарди за поефикасно функционирање на приватниот сектор и поквалитетен живот и исполнето секојдневје на сите граѓани. Тоа е економски развиена општина со развиена инфраструктура и развиена еколошка свест кај бизнис-секторот.

## 4. Стратегиски цели

Општина Центар-Скопје, врз основа на јасно утврдената визија и истражувањето што го спроведе во соработка со граѓанскиот сектор и со испитаници од бизнис-секторот, ги постави трите клучни стратегиски цели на чија реализација ќе работиме во периодот од 2024 до 2027 година.

За остварување на визијата дефинирани се следниве стратегиски цели:

**Стратегиска цел 1 - Подобрување на деловното опкружување**

**Стратегиска цел 2 - Дигитален развој – повисок степен на дигитализација на поддршката на приватниот сектор**

**Стратегиска цел 3 - Стимулирање на зелени проекти и поддршка на животната средина**

Во рамките на секоја стратегиска цел работната група подготви акциски план на активности. Акцискиот план има цел да ја стави во функција Стратегијата и да и даде оперативност, со дефинирање на конкретни параметри и со детална анализа за секој од предложените проекти, како и креирање временска и финансиска рамка за нејзина реализација.

Во Акцискиот план, кој е составен дел на Стратегијата на Општина Центар-Скопје, вкупно се разработени 11 проекти, во вкупна вредност од **222.674.140** денари и со временски рок на реализација од 2024 до 2028 година.

## 5. ВОВЕД

На покана на претставници од УСАИД, во октомври 2023 година претставници од Секторот за локален економски развој присуствуваа на информативната сесија на која беше претставен Прирачникот за развивање предлог-проекти. Тоа беше иницијална средба за започнување на проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“ под покровителство на УСАИД, чија цел, меѓу другото, е да ѝ обезбеди поддршка на Општина Центар-Скопје да развие своја стратегија за локален економски развој и да ги зајакне своите вештини за нејзино ефективно спроведување.

Општина Центар-Скопје имаше потреба од изработка на стратегија (план) за локален економски развој бидејќи стратегиите како оваа претставуваат многу важна основа за аплицирање на проекти. Преку својата програма УСАИД ни овозможи да бидеме вклучени во целокупниот процес.

Стратегијата за локален економски развој на Општина Центар-Скопје е изготвена со цел да одговори на конкретни економски предизвици и дополнително да ја зајакне и унапреди локалната економија.

Оваа стратегија е нов и независен документ, тесно насочен кон развојот на приватниот сектор, со цел да ги забрза економскиот раст и развој и да ја зголеми стапката на вработеност.

Стратегијата е развиена во партнерство, односно со вклученост на сите засегнати страни. Тимот за изработка на овој документ беше составен од претставници од Секторот за локален економски развој, од Секторот за јавни дејности, како и претставници од граѓанскиот и од бизнис-секторот. На овој начин тимот за изработка на стратегијата имаше придонес и еднаква застапеност во консултациите и процесот на донесување одлуки во целокупниот процес, што впрочем е фокусот на Проектот на УСАИД за отчетноста на владините институции и одговорноста на индивидуалните граѓани.

Вкупниот износ на финансиски средства што Општина Центар-Скопје треба да ги издвои од општинскиот буџет за спроведување на Стратегијата за локален развој изнесува **222.674.140** денари.

## 6. ПРОЦЕС НА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Стратегијата за локален економски развој (ЛЕР) е изготвена следејќи ја методологијата развиена од проектот „Градоначалници за економски раст (M4EG)", финансиран од ЕУ и спроведен во Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Молдавија и Украина.
За оваа методологија е значајно дека, покрај официјалните статистички податоци, се потпира и врз квалитативни податоци, добиени преку директни разговори со претставници на бизнис-секторот.
Предмет на истражувањето е испитување на јавното мислење на бизнис-заедницата во делот на идентификација на потребата од соработка, партнерство и поддршка од Општина Центар. Предметот и целите на истражувањето се утврдени врз основа на следниве претпоставки:

- Видливоста и препознавањето на бизнис-заедницата меѓу секторите за поддршка (локален економски развој, култура, образование и други) има простор да се подигне на повисоко ниво на соработка;
- Бизнис-заедницата има потреба од нови услуги (на пример, дигитални алатки, алатки за ВИ, обуки, инфо-сесии и слично);
- Бизнис-заедницата не е доволно информирана за можностите за соработка со Општината;
- Други претпоставки што дополнително треба да се идентификуваат.

Истражувањето беше спроведено врз основа на следниве принципи:

- Транспарентност и прифатливост на спроведениот процес од сите засегнати страни;
- Репрезентативност на испитаниците;
- Објективност при спроведувањето на анкетата;
- Едноставност во одговарањето;
- Применливост и релевантност на добиените резултати.

Истражувањето беше спроведено врз репрезентативен примерок на микро, мали и средни претпријатија што работат на територија на Општина Центар-Скопје. Нивните видувања, мислења и препораки ги сумиравме и обработивме и од нив произлегоа трите стратегиски цели на Општина Центар-Скопје.

Според веќе споменатата методологија на изработка на овој стратегиски документ, партнерите од приватниот сектор се поттикнуваат („структурни елементи") на прашањата што се основни во приватниот сектор и отворањето нови работни места. Таканаречените градежни блокови се претставени сликовито на следнава слика:




*Слика бр. 1 Методологија на Mayors for Economic Growth (M4EG), проект финансиран од ЕУ*

Стратегијата за локален економски развој во нацрт-верзија беше подготвена на неколку работни средби со учество на сите засегнати страни во приоритетните области, односно работен тим:

- претставници од бизнис-секторот,
- претставници од граѓанскиот сектор,
- претставници од општинската администрација.

Работниот тим одржа голем број состаноци, неформални средби, како и телефонски разговори, особено во периодот ноември 2023 година - февруари 2024 година, анализирајќи ги состојбата во локалната економија, слабите и јаките страни, можностите и заканите (анализа SWOT), како и одредувајќи ги визијата, стратегиските и развојните цели и Акциониот план.

# 7. ЛОКАЛНА ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА

Општина Центар-Скопје се наоѓа на централна позиција во градот Скопје. Општината зафаќа 8 км$^2$ и е на просечна надморска висина од 320 м. Според последниот попис на населението во државата од 2021 година, во Општината живеат 43.893 граѓани, од кои 20.386 машки (46,8 %) и 23.504 женски (53,2 %).
Општина Центар-Скопје е седиште на најголем број установи што имаат административен, политички, образовен, културен и трговски карактер, но и на станбен дел што најгусто е населен во целата земја (Собрание, Влада, со најголем број министерства, Совет на Град Скопје, Клинички центар, Народна банка и др.).
Најблискиот аеродром е оддалечен 25 километри, а централните железничка и автобуска станица се сместени во Општината.
Според податоците издадени од АВРСМ, во Општината се евидентирани вкупно 25.375 лица што се работоспособни. Од нив невработени се 12 %, односно 3.045 лица.[1] Во најголем дел тоа се жители со основно или средно образование, кои немаат одредена струка за вработување или не се активни баратели на работа.
Општина Центар-Скопје е целосно урбана општина.
Во однос на миграциските трендови во Општината е забележано значително иселување на населението надвор од државата, особено на младото население. Од друга страна, пак, има големо доселување на жители од внатрешноста на државата.

## 7.1. ЛОКАЛНА ЕКОНОМСКА СТРУКТУРА

Општина Центар-Скопје е еден од подобро развиените економски центри во државата, со богато искуство во секторите за трговија и услуги. Според податоците обезбедени од Централниот регистар на Република Северна Македонија од 2022 година, на територијата на Општината функционираат вкупно 10.528 нефинансиски претпријатија. Бројот на финансиските институции е 12, со речиси 100 филијали и експозитури на територијата на Општината. Се забележува континуирано зголемување на бројот на претпријатија во сите економски сектори. Особено се зголемува бројот на нефинансиски претпријатија во следниве гранки: градежништво и деловни услуги.
Големите претпријатија главно се од областа на градежништвото и финансиските институции. Постои тенденција на зголемување на бројот на микрокомпании за сметка на малите и средните претпријатија. Бројот на големи компании со над 250 вработени е константен. Туризмот е релативно добро развиен со 69 хотели и 635 угостителски објекти. Во Општината има Клинички центар и 33 болници со 46 примарни здравствени центри и 144 стоматолошки клиники. ИТ-секторот е добро развиен со 418 претпријатија. Правните услуги се покриени од 951 мал бизнис. Собирањето и управувањето со отпадот се добро организирани и со тоа управуваат 14 претпријатија. Има 27 културни институции (музеи, објекти за културни манифестации, библиотеки и архиви и една национална установа - Конзерваториски центар). Градежниот сектор брзо се развива со 644 претпријатија.

[1] Податок од АВРСМ 12/2023

Структурно, бројот на правни субјекти во Општина Центар-Скопје, заклучно со 2021 година, е следниов:




Во следниве графикони, од графикон 1 до графикон 10, се прикажани детални податоци за секоја од дејностите во одделна специфична група. Така, на пример, во одделот на дејностите со здравствена заштита најголем дел правни субјекти се во областа на стоматологија - 142 субјекта, потоа специјалистичка медицинска практика - 109 субјекти и општа медицинска практика - 44 субјекти.

*Графикон 1 Број на регистрирани правни субјекти - здравствена заштита*




Во графикон 2 се прикажани детални податоци за регистрирани правни субјекти во делот трговија на мало, каде што најголем број од субјектите се регистрирани во групата трговија на мало со облека - 171 субјект и трговија на мало со храна, пијалаци и тутун - 116. Притоа може да се забележи дека на територијата на Општината има регистрирано

и 40 аптеки, како и трговци на мало со обувки - 34 и мебел - 33.

*Графикон 2 Број на регистрирани правни субјекти - трговија на мало*




Рестораните и објектите за послужување храна што се прикажани во графикон 3 (ресторани, сендвичарници, бурекчилници), исто така, се застапени со голем број во Општина Центар-Скопје и регистрирани се 402 правни субјекта. Дополнително, во оваа дејност биле регистрирани и 145 субјекти за послужување пијалаци (кафетерии).

*Графикон 3 Број на регистрирани правни субјекти - подготовка и послужување храна*




Во графикон 4 се прикажани субјекти чија дејност е поврзана со наука, истражување, преведување и дизајнерство.

*Графикон 4 - Број на регистрирани правни субјекти - други стручни дејности*




Во графикон 5 се прикажани субјектите регистрирани во одделот на маркетинг и истражување на пазарот, каде што агенциите за маркетинг сочинуваат поголем дел од регистрираните субјекти, дури 202 субјекта.

*Графикон 5 Број на регистрирани правни субјекти - маркетинг и истражување на пазарот*




Компјутерското програмирање и услугите поврзани со ИТ-технологиите се застапени со околу 400 регистрирани субјекти на територијата на Општина Центар-Скопје. Во графиконот 6 се прикажани одделни групи. Интересно е да се наведе дека најчеста форма на регистрација кај оваа група субјекти е друштво со ограничена одговорност основана од едно лице - ДООЕЛ со 65 % од регистрираните, другите се регистрирани како друштво со ограничена одговорност - ДОО и трговец поединец - ТП, а мал број се акционерски друштва - АД.

*Графикон 6 Број на регистрирани правни субјекти - компјутерско програмирање*




Според одделот снабдување со електрична енергија, бројот на регистрирани субјекти изнесувал 155 кон крајот на 2021 година. Притоа најголем дел од регистрираните се производители на електрична енергија - 114.

*Графикон 7 Број на регистрирани правни субјекти - снабдување со електрична енергија*



Бројот на субјекти чија претежна дејност е поврзана со недвижен имот покажува дека доминантни се субјектите што издаваат или управуваат со имот земен под закуп (лизинг) - 159, а потоа се агенциите за недвижен имот - 57.

*Графикон 8 Број на регистрирани правни субјекти - дејности со недвижен имот*




Во графикон 9 се прикажани одделите на правни субјекти чија претежна дејност е поврзана со архитектонски дејности и инженерство и анализа. Од графиконот се забележува дека на територијата на Општина Центар-Скопје најбројни се субјектите поврзани со инженерство и техничко советување - 156 субјекти.

*Графикон 9 Број на регистрирани правни субјекти - архитектонски, инженерство и анализа*




Од графиконот 10 може да се забележи дека најголем дел од регистрираните правни субјекти се во делот на специјализирани градежни дејности (на пример, покривни конструкции), потоа се субјекти поврзани со поставување инсталации за водовод, канализација и греење - 41 и електроинсталатерски работи - 38.

*Графикон 10 Број на регистрирани правни субјекти - специјализирани градежни дејности*



Генерален заклучок е дека портфолиото и бројот на новоформирани компании во екосистемот на Општина Центар-Скопје е во корелација со поволната бизнис-клима, близината до јавните институции, како и централната локација на Општината. Сепак, бизнис-климата во државата директно се рефлектира на растот и падот на новоформирани приватни субјекти и тоа повеќе зависи од надворешните фактори на кои Општината не може директно да има свое влијание.

Имено, во периодот од 1990 година до 2021 година има циклични движења на бројот на новорегистрирани правни субјекти, така што во периодот од 1990 до 1999 година има раст и годишно се регистрираат околу 200 правни субјекти, во периодот од 1999 до 2004 година има константа од околу 270-300 новорегистрирани правни субјекти, со одредени падови во периодот од 2007 до 2017 година, а по 2017 година има константен раст, односно во 2021 година има 885 новорегистрирани правни субјекти.

За Општина Центар-Скопје е карактеристичен фактот дека доминантна дејност на компаниите е трговија на мало и трговија на големо, потоа услужните дејности во делот на послужување храна, со над 35 % од вкупно регистрираните компании. Наедно присутни се дејности со соодветни стручни и консултантски услуги во делот на финансии, сметководство, проектирање, правни работи (адвокати, нотари, овластени преведувачи, проценители и сл.). Има застапеност и на компании со дејност градежништво и снабдување со електрична енергија и особено компании со дејност од областа на компјутерски и информатички технологии.

Општина Центар-Скопје е седиште на речиси 14% проценти од граѓанските организации во државава, со околу 1.250 регистрирани граѓански организации од вкупно 9.047 активни кон крајот на 2023 година. Во Општината се регистрирани и 50 фондации што работат во различни области.
Оваа бројка е значителна и тоа значи дека граѓанскиот сектор и граѓанската иницијатива се и може да бидат активен партнер и креатор на политиките на развој, но и транспарентност и градење широк спектар на граѓанска соработка во реализацијата на проекти.

Конечно, дејностите на правните субјекти што се регистрирани во Општина Центар-Скопје, пред сѐ, се рефлексија на својата специфична позиција во градот Скопје, кој е административен, економски, културен и образовен центар во Република Северна Македонија. Ова обезбедува услови во Општина Центар-Скопје да бидат концентрирани најзначајните јавни институции, но и приватни компании со широк спектар на дејности и области на работа и бизнис-ориентација.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ (артистички приказ)**



Извор: OSM, сопствена обработка

## 7.2 ЛОКАЛНА СОРАБОТКА И ВМРЕЖУВАЊЕ

Соработката меѓу бизнисите е релативно добра и заснована врз бизнис-интереси. Генерално, претпријатијата не се здружени во локална асоцијација, но заеднички дејствуваат преку Стопанската комора и други секторски асоцијации (на пример, МАСИТ - Асоцијација за ИТ-компании и др.).

Комуникацијата со Општината е на средно ниво, односно само некои компании остваруваат соработки со Општината и градоначалникот и тие се однесуваат на конкретни проекти. Најчесто соработки се остваруваат со банките и поголемите правни субјекти поради подобрување на квалитетот на општинските услуги и квалитетот на

животот на граѓаните, особено на децата. Тие се потенцијални извори на финансирање и зајакнување на имиџот на Општината како атрактивно место за живеење, работа и инвестирање. Имајќи предвид дека се работи за економски високоразвиена Општина, општинскиот Сектор за локален економски развој и Комисијата за локален економски развој при Советот на Општина Центар-Скопје работат во насока на поддршка на активностите на градоначалникот и обезбедување средства и услуги од бизнис-заедницата во интерес на граѓаните. За жал, сè уште немаме воспоставен конкретен канал за комуникација со бизнис-заедницата, но во континуитет работиме на подигнување на свеста на компаниите за општествена одговорност и нивно вклучување во социјалниот живот во Општината.
Постои практика на одржување средби на градоначалникот со сите деловни субјекти и финансиски институции на кои се разговара за потребата од подобрување на општинските услуги, потенцијалните финансиски извори на финансирање и зајакнување на имиџот на Општината како атрактивно место за живеење, работа и инвестирање. Дефинитивна потреба за соработка во ИТ-секторот постои и таа е во почетна фаза, воспоставени се првични контакти со Факултетот за информатички науки заради остварување соработка. Веќе неколку години Општината развива географско-информатички систем (ГИС) и веруваме дека тој е клучен за подобрување на дигиталните услуги за граѓаните и бизнис-заедницата, а наедно сите податоци се достапни со цел поголема транспарентност на локалната самоуправа. Во рамките на Општината не постои комитет за економски развој при Советот на Општина Центар-Скопје.
Општината остварува соработки и заеднички проекти со другите општини од градот Скопје, особено со општините со кои граничи. Општината има редовна соработка со Центарот за развој на Скопскиот плански регион, каде што учествува во креирањето на регионалните политики и користи средства од грантови за реализација на проекти од локален и регионален интерес.
**Силна страна** на Општина Центар-Скопје во однос на локалната соработка и вмрежувањето е постоењето интерес за соработка помеѓу засегнатите страни: Општината, бизнис-заедницата и граѓанскиот сектор.
**Слаба страна** на Општина Центар-Скопје во однос на локалната соработка и вмрежувањето е непостоењето локална бизнис-асоцијација и конкретен формален канал за комуникација со бизнис-заедницата.

## 3.3. **БИЗНИС-ОПКРУЖУВАЊЕ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И АДМИНИСТРАЦИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА**

Секторот за локален економски развој во Општината не е целосно функционален поради недостиг на вработени лица. И покрај својата проактивност, актуелните вработени не можат да обезбедат доволно информации и за локалните бизниси. Тие секогаш постапуваат во согласност со барањата на компаниите и соработуваат со фирмите индивидуално, што создава впечаток дека немаат еднаков пристап кон сите бизниси. Ова, пред сè, се должи на немањето доволно интерес од страна на бизнисите за соработка со локалната самоуправа и нецелосно изградената доверба, на чие подобрување во континуитет се работи. Општината, исто така, организира обуки, особено за женското претприемаштво, но засега не е забележан посериозен ефект од овие активности. Општината има идеја да им дава поддршка на невработени лица во

отворањето сопствени микробизниси, но од финансиски причини сè уште не е во состојба да го започне овој процес.

Сите набавки организирани од општинската администрација се објавени на веб-страницата и системот на ЕСЈН и на отворањето на понудите може да учествува секој заинтересиран. Состаноците на општинскиот Совет се отворени за јавноста и постои можност за давање коментари и повратни информации за општинските уредби/прописи, а тие се достапни и онлајн на општинскиот Youtube канал. Општинската ПР-служба целосно го покрива работењето на општинската администрација и на Советот.

Општина Центар-Скопје е најтранспарентна од скопските општини според индексот за проактивна транспарентност на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.[2] Имено, Агенцијата го објави Извештајот за извршена проверка на објавените документи и информации од општините и центрите за развој на плански региони во Република Северна Македонија кои како иматели на информации се обврзани да ги објават на своите веб-страници.

Од мониторираните 89 иматели на информации според методологијата на мониторирање, од сите општини во главниот град Општина Центар-Скопје е во врвот според транспарентноста на веб-страницата. Наедно Општина Центар-Скопје бележи пораст за 11 места земајќи го периодот од две години, односно од 2021 година до 15 мај 2023 година.

Според истражувањето на Центарот за граѓански комуникации, кој ја мереше активната транспарентност за 2023 година, Општина Центар-Скопје се наоѓа на 18. место од вкупно 98 институции во државата со Индекс на активна транспарентност 94,2 %, класифицирана во највисок ранг - многу добра активна транспарентност.

Важна улога во растот и развојот на бизнис-секторот во Општината имаат и организациите и институциите – јавни, приватни и граѓански организации што своите активности ги насочуваат кон обезбедување консултативни, советодавни и менторски услуги на малите и средните компании од регионот.

**Силни страни** на Општина Центар-Скопје во однос на бизнис-опкружувањето, транспарентноста и администрацијата без корупција се транспарентноста (Општина Центар-Скопје е една од најтранспарентните општини за 2023 година), отвореноста и подготвеноста за соработка и поддршка на компаниите.

**Слаба страна** на Општина Центар-Скопје во однос на бизнис-опкружувањето, транспарентноста и администрацијата без корупција е неможноста на Општината за целосно задоволување на потребите на бизнис-заедницата во однос на информации, обуки и техничка помош.

---

[2] Податок за 2023 година

## Вкупно рангирање според Индексот на активна транспарентност 2023

| Ранг | Институција | Резултат |
|---|---|---|
| | **МНОГУ ДОБРА** | |
| 1 | Министерство за одбрана | 100,0 % |
| 1 | Влада на РСМ | 100,0 % |
| 3 | Велес | 98,6 % |
| 3 | Гевгелија | 98,6 % |
| 5 | Министерство за финансии | 98,1 % |
| 6 | Берово | 97,1 % |
| 6 | Делчево | 97,1 % |
| 6 | Кичево | 97,1 % |
| 6 | Кочани | 97,1 % |
| 10 | Градско | 97,1 % |
| 11 | Куманово | 95,8 % |
| 12 | Битола | 95,7 % |
| 12 | Валандово | 95,7 % |
| 12 | Кавадарци | 95,7 % |
| 15 | Карпош | 95,7 % |
| 15 | МТСП | 95,7 % |
| 15 | МЗШВ | 95,7 % |
| 18 | Центар | 94,2 % |
| 19 | Демир Хисар | 92,9 % |
| 20 | Илинден | 92,8 % |
| 20 | Брвеница | 92,8 % |
| 20 | Центар Жупа | 92,8 % |
| 23 | Струмица | 91,4 % |
| 24 | Министерство за здравство | 91,3 % |
| 25 | МЛС | 90,9 % |
| 26 | Штип | 90,0 % |
| 27 | Дебрца | 89,9 % |
| 28 | Зрновци | 89,9 % |
| 29 | МЖСПП | 89,1 % |
| 29 | МИОА | 89,1 % |
| 31 | Кисела Вода | 88,4 % |
| 31 | Конче | 88,4 % |
| 33 | МВР | 87,5 % |
| 34 | Неготино | 87,1 % |
| 35 | Гази Баба | 87,0 % |
| 35 | Василево | 87,0 % |
| 35 | Министерство за економија | 87,0 % |
| 38 | Охрид | 85,7 % |
| 38 | Прилеп | 85,7 % |
| 40 | Ново Село | 82,6 % |
| 40 | МОН | 82,6 % |
| 42 | Пробиштип | 81,9 % |
| 43 | Крива Паланка | 81,4 % |
| 43 | Крушево | 81,4 % |
| 45 | Бутел | 81,2 % |
| 45 | Липково | 81,2 % |
| 47 | МТВ | 80,4 % |
| 48 | Дебар | 80,0 % |
| 48 | Тетово | 80,0 % |
| | **ДОБРА** | |
| 50 | Теарце | 79,7 % |
| 50 | Чешиново-Облешево | 79,7 % |
| 52 | Министерство за правда | 79,2 % |
| 53 | Радовиш | 78,7 % |
| 53 | Свети Николе | 78,7 % |
| 55 | Вевчани | 78,4 % |
| 55 | Могила | 78,4 % |
| 57 | Маврово и Ростуше | 76,8 % |
| 58 | Македонска Каменица | 75,7 % |
| 59 | Виница | 74,3 % |
| 59 | Пехчево | 74,3 % |
| 61 | Гостивар | 72,9 % |
| 62 | Босилово | 72,5 % |
| 63 | Министерство за култура | 71,7 % |
| 64 | Богданци | 71,4 % |
| 65 | Чашка | 71,0 % |
| 65 | Ѓорче Петров | 71,0 % |
| 67 | Чаир | 69,6 % |
| 67 | Град Скопје | 69,6 % |
| 69 | Аеродром | 69,0 % |
| 70 | Новаци | 68,1 % |
| 71 | МНР | 67,4 % |
| 72 | Македонски Брод | 67,1 % |
| 73 | Петровец | 66,8 % |
| 73 | Јегуновце | 66,8 % |
| 75 | Струга | 65,7 % |
| 76 | Кривогаштани | 65,2 % |
| 77 | Кратово | 64,3 % |
| 77 | Ресен | 64,3 % |
| 79 | Демир Капија | 61,4 % |
| | **ПРОСЕЧНА** | |
| 80 | Боговиње | 59,4 % |
| 81 | Желино | 58,0 % |
| 82 | Студеничани | 56,3 % |
| 83 | Ранковце | 52,2 % |
| 83 | Росоман | 52,2 % |
| 83 | МПСОЗ | 52,2 % |
| 86 | Карбинци | 50,7 % |
| 86 | Старо Нагоричане | 50,7 % |
| 88 | Дојран | 50,0 % |
| 89 | Чучер Сандево | 49,3 % |
| 90 | Шуто Оризари | 47,8 % |
| 91 | Пласница | 46,4 % |
| 92 | Сопиште | 44,9 % |
| 92 | Долнени | 44,9 % |
| 94 | Сарај | 43,5 % |
| 95 | Врапчиште | 40,6 % |
| | **СЛАБА** | |
| 96 | Зелениково | 36,23 % |
| 97 | Лозово | 30,43 % |
| 98 | Арачиново | 28,99 % |

## 7.4 **ПРИСТАП ДО ФИНАНСИИ И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА**

Информациите за постојните извори на финансирање за развој на бизнисот се лесно достапни и релевантни, а бизнис-заедницата во Општина Центар-Скопје е финансиски писмена и има лесен пристап до финансиите. Секоја банка има неколку експозитури во Општината, има свои кредитни линии за кредитирање на правните субјекти, а одобрувањето на кредитите најмногу зависи од финансиските показатели на претпријатието. Новите претприемачи имаат отворени можности за финансиска поддршка при отпочнувањето свој бизнис. Покрај кредитните производи, банките им овозможуваат и други финансиски услуги и информации како поддршка за нивните бизниси.
Постоењето на национални програми за финансиска поддршка на претпријатијата е од голема важност за пристапот до финансии на претпријатијата. Такви се Фондот за иновации и технолошки развој, Агенцијата за вработување, Министерството за економија, Развојната банка на Северна Македонија, ТИРЗ и сл.

Исто така, постоењето на донаторски и меѓународни механизми за финансирање на претпријатијата е од голема корист за сите микро, мали, средни и големи претпријатија. Такви програми се КОСМЕ, ХОРИЗОНТ, програмите од европските фондови (ИПА и прекугранична соработка) во кои претпријатијата може да аплицираат или да се вклучат како партнери.

Деловната заедница во Општина Центар-Скопје има пристап до извори на финансирање и преку следниве институции на национално ниво:

1. Развојната банка на Северна Македонија (www.mbdp.com.mk) ги нуди следниве финансиски и нефинансиски услуги: финансирање на развојот на македонското стопанство; финансирање на инфраструктурата; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија во Република Северна Македонија; поттикнување на извозот; поттикнување на заштитата на животната средина; осигурување на извозот на македонски производи и услуги од комерцијални и политички ризици и поддршка на регионалниот развој.

2. Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) (http://www.ebrd.com/fyrmacedonia.html) промовира кофинансирање и странски директни инвестиции, го мобилизира домашниот капитал и обезбедува техничка помош, работи со банки, индустрии и бизниси, како и со јавни претпријатија. Во Општина Центар-Скопје свои филијали имаат комерцијалните банки: НЛБ Тутунска банка А.Д. Скопје (www.nlbtb.com.mk), Стопанска банка А.Д. Скопје (www.stb.com.mk), Стопанска банка А.Д. Битола (www.stbbt.com.mk), Комерцијална банка А.Д. Скопје (www.kb.com.mk), Халк банка А.Д. Скопје (www.halkbank.mk), Уни банка А.Д. Скопје (www.unibank.com.mk), Силк Роуд Банка (www.silkroadbank.com.mk), Шпаркасе банка А.Д. Скопје (www.sparkasse.mk), Централна Кооперативна Банка А.Д. Скопје (www.ccbank.mk).

3. Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ) (www.avrm.gov.mk) нуди низа програми и проекти со кои директно им се помага не само на невработените лица туку и на малите и средните компании од Општина Центар-Скопје. АВРСМ има програми за финансиска поддршка на правни субјекти, микро, мали и средни претпријатија и занаетчии за отворање нови работни места.

4. Министерството за економија (www.economy.gov.mk) на национално и регионално ниво нуди низа програми за поддршка и развој на малите и средните компании. Некои од најзначајните програми, кои овозможуваат вклучување на малите и средните претпријатија, вклучително и тие од Општина Центар-Скопје, е Програмата за конкурентност, иновации и претприемаштво.

5. Министерство за финансии (www.finance.gov.mk). За малите и средните претпријатија од Општина Центар-Скопје најважен е Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД) во Министерството за финансии.

6. Агенција за промоција и поддршка на туризмот (www.tourismmacedonia.gov.mk). Главни надлежности на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот поврзани со работењето на МСП од областа на туризмот се: активно унапредување и промоција на туризмот и професионално презентирање на сите сегменти и региони од туристичката понуда, како и изготвување анализа за потенцијалите на домашниот и странскиот туристички пазар; подготвување и реализација на програмата и обезбедување информативен пропаганден материјал за промоција и поддршка на туристичките вредности; формирање и развивање единствен туристичко-информативен систем и негово поврзување со други информативни системи; активно промовирање на вкупниот туристички потенцијал на Република Северна Македонија во земјата и во странство и соработување со светски познати туроператори за привлекување на поголем број туристи; поттикнување и координирање на сите туристички организации, комори, асоцијации, здруженија и МСП од областа на туризмот и угостителството, со цел унапредување и промоција на туризмот; иницирање и насочување на меѓуопштинската, регионалната и меѓународната соработка за промоција на туризмот; учество во привлекувањето инвестиции во туризмот во Македонија.

7. Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) (www.fondzainovacii.mk) ги остварува целите преку следниве инструменти наменети за малите и средните претпријатија од сите региони: кофинансирани грантови за старт-ап; спин-оф трговски друштва и иновации; кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновациите; кофинансирани грантови за трансфер на технологии; техничка помош преку деловно-технолошки акцелератори; техничка помош за компаниите и еквити и мезанин инвестиции.

Општина Центар-Скопје има пристап до извори на финансирање и преку следниве меѓународни организации:

1. УНДП -Програмата за развој на Обединетите нации во Република Северна

Македонија - УНДП (www.mk.undp.org) ги опфаќа следниве програми: промоција на одржливи вработувања, зајакнување на ефективноста на поддршката, локален развој, добро владеење - испорачување подобри услуги за сите, социјална инклузија - зајакнување на најранливите категории во општеството и енергија и животна средина - осигурување одржлив развој.

2. Агенција за меѓународен развој на САД во Република Северна Македонија (УСАИД) (www.usaid.gov) чии активности се фокусирани во неколку сектори, од кои најголемо значење за малите и средните компании од ИПР има Програмата за економски раст што се фокусира на подобрување на бизнис-опкружувањето и зголемување на компетитивноста на малите и средните компании во секторите со потенцијал за раст и креирање работни места. Во оваа програма се опфатени неколку проектни области: микропретпријатија и приватен сектор; земјоделски пазари и трговија; развојни кредити и пристапи до финансии и економски политики.

3. Други билатерални и мултилатерални програми, како Швајцарска развојна агенција преку IME, Светска банка (Програма за енергетска ефикасност во јавниот сектор) и др.

**Силни страни** на Општината во однос на пристапот до финансии и финансиска поддршка се добрата информираност на бизнис-секторот за постоење извори за финансиска поддршка и лесниот пристап до финансиските институции и до можностите што тие ги нудат, како и големата концентрација на финансиски институции во Општината. Сите банки имаат свои филијали и експозитури во Општината.

**Слаба страна** на Општината во однос на пристапот до финансии и финансиска поддршка е непостоењето кредитен капацитет на дел од компаниите (за поднесување проекти) за пристап до финансии од финансиските институции, како и не секогаш поволните услови на стопанските банки за кредитирање на МСП во однос на висината на каматната стапка.

## 7.5 **ЗЕМЈИШТЕ И ИНФРАСТРУКТУРА**

Бидејќи трендот на развој на бизнисот во Општина Центар-Скопје е позитивен, побарувачката за работни простории, земјиште и инфраструктура се зголемува. Општината ги има идентификувано сите општински земјишта и згради и целосно има пристап до нив. Просторните ресурси со кои располага Општината може да им обезбедат на претпријатијата единствено простор за поголеми состаноци, обуки и слично што и најчесто се бара од неа. Општината нема сопствени згради и други објекти за потребите на бизнис-заедницата, но во неа постојат простори co-working (Јавна соба, Лабараториум, Co-work, Europe House – Скопје и Центар за социјални претпријатија и сл.). Тие на микробизнисите им нудат простор за независно/самостојно работење, простор за состаноци и реализација на активности од областа на нивното работење.
Во Општината развојно е планиран бизнис-инкубатор откако ќе се изгради општинска зграда.

Во најголем дел претпријатијата во Општина Центар-Скопје најмуваат деловни простории од приватни сопственици.

**Силна страна** на Општината во однос на земјиштето и инфраструктурата е постоењето на голем број простори достапни за бизнисите и тие ги задоволуваат нивните потреби.

**Слаба страна** на Општината во однос земјиштето и инфраструктурата е немањето сопствени објекти и простории за потребите на бизнис-секторот, како и долгорочно гледано - немање можност за издавање нови одобренија за градење имајќи ја предвид сегашната инфраструктура на Општината.

## 7.6 **РЕГУЛАТОРНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во Општина Центар-Скопје постои едношалтерски систем на работа и добра внатрешна организација што овозможува релативно брз тек на процесите во Општината. Регистрацијата на бизниси се одвива во Централен регистар и потребната документација е во зависност од видот на претпријатието, но не е обемна. Општината е одговорна за спроведување на одредени прописи и има овластување да обезбедува поддршка, со цел да го олесни обезбедувањето услуги, односно да дејствува во јавен интерес.
Според претставниците на бизнис-заедницата, иако во последно време е постигнат одреден напредок во однос на регулаторната и институционалната рамка, сепак проблемите од минатото се провлекуваат, така што сè уште постојат некои неоправдани правила, регулативи и други административни бариери. Најголем проблем е да се поминат процедурите за добивање одобрение за градба. Иако постапката / процесот за добивање одобрение го води Секторот за урбанизам при Општина Центар-Скопје и тоа се издава електронски, тоа мора да е во координација и со други институции (Град Скопје, министерства и други институции), каде што понекогаш се наидува на проблеми и неусогласености. За секое поединечно одобрение е потребно време, особено затоа што се случува барателите да ја немаат целосната и точна потребна документација.
Позитивна страна за регистрација на бизнис на фирмите е што се остварува брзо, а начинот на регистрација се одвива преку овластено лице со сертификат за регистрација на бизниси (фирми).

**Силни страни** на Општината во однос на регулаторната и институционалната рамка се постоењето едношалтерски центар на Општината и соодветната внатрешна организација во Општината што обезбедува брзо движење на документите.

**Слаби страни** на Општината во однос на регулаторната и институционалната рамка се меѓуинституционалната комуникација и постоењето на административни бариери.

## 7.7 **ВЕШТИНИ И ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ, ИНКЛУЗИВНОСТ**

Развојот на работната сила е прилично сложен процес за кој се потребни многу ангажман и ресурси од Општината. Во Општината е забележано значително иселување на населението надвор од државата, особено на младото население. Од друга страна, пак, врз основа на информациите добиени од училиштата лоцирани во Општината, како и од здруженијата на граѓани се забележува големо доселување на жители од внатрешноста на државата. Стапката на невработеност е 12 %. Во најголем дел тоа се жители со основно или средно образование, кои немаат одредена струка за вработување или не се активни баратели на работа.

Имајќи предвид дека угостителството во најголем процент е лоцирано во Општина Центар-Скопје, во Општината има голема побарувачка за келнери, готвачи, водичи со странски јазици, рецепционери и други професии поврзани со давање туристички услуги. И ИТ-секторот има голема побарувачка за квалификувана работна сила. Најбрзо се развиваат секторите за градежништво, информации и комуникации, сместување и сервисни дејности со храна и кај сите има голема потреба од работна сила.

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во своите програми предвидува организација на обуки за невработени лица, како и други програми за ангажирање на невработените лица во приватниот и јавниот сектор. На територијата на Општина Центар-Скопје активни се и меѓународни проекти и приватни компании што организираат обуки за зајакнување на вештините за вработување и јакнење на капацитетите на приватниот сектор, како и работно ангажирање на невработени лица (активни баратели на работа). Во моментов, односно од 2017 година до денес активна е Програмата за општинско корисна работа на УНДП, во која се вклучени невработени лица за потребите на учениците со посебни образовни потреби во рамките на основните училишта.
Општината, во соработка со здружение на граѓани, лиценцира и ангажира негуватели на стари лица во домашни услови, за потребите на оваа категорија граѓани. Со овие проекти се овозможува професионално усовршување на невработените лица и зголемување на нивната конкурентност на пазарот на труд.

**Силните страни** на Општината во однос на вештините и човечкиот капитал и инклузивноста се однесуваат на постоењето голем број лица што се доселуваат во Општината и се достапни за работодавците, од една страна, како и постоењето на ниска стапка на невработеност, од друга страна.

**Слабата страна** на Општината се однесува на сè поголемиот број висококвалификувани лица што се иселуваат од Општината, односно од државата.

## 7.8 **НАДВОРЕШНО ПОЗИЦИОНИРАЊЕ И МАРКЕТИНГ**

Општина Центар-Скопје важи за атрактивно место за живеење, работа, посета и инвестирање во споредба со другите општини во градот Скопје, па и во целата држава. Факторот локација е важен за проширување на постојните бизниси и привлекување нови бизниси. Во последните години Општината инвестираше многу средства во

подобрувањето на физичката и природната средина и квалитетот на животот (улично осветлување, реконструкција на улици, реконструкции и доградби на училишта и детски градинки, детски игралишта, паркови, скверови, велосипедски патеки, улично зеленило, енергетски ефикасни фасади, пластикомати, фотоволтаици...). Сите паркови и другите мали зелени површини во населбите се добро одржувани со соодветни игралишта и урбана опрема.

Општината е единствена во државата што има формирано Културна установа од мешовит карактер (НВО и јавна администрација) - Културно социјален простор - Центар Јадро, која функционира во насока на поддршка и промоција на талентирани културни работници од територијата на Општината. Општината во голема мера вложува во реализацијата на културни настани, најчесто во соработка со граѓанскиот сектор, преку финансирање проекти од сите области на културата што се во интерес на граѓаните и во согласност со нивните потреби и препораки.

Општината има формирано Јавно претпријатие за паркинзи и други комунални дејности (улична чистота, одржување зеленило и рециклирање). Општина Центар-Скопје неодамна формираше уште едно јавно претпријатие Енергија-Центар за производство на електрична енергија од обновливи извори. Претпријатието веќе работи на поставување обновливи системи, со цел да се намалат трошоците за електрична енергија на објектите во сопственост на Општината, а во интерес на граѓаните (училишта и градинки). Во исто време ја подигнуваме свеста на граѓаните за важноста на искористувањето на обновливите извори на енергија.

Општината прави напори за обезбедување дополнителни финансии за функционално работење на овие претпријатија. Потребни се огромни напори и финансии за одржување на високиот квалитет на услуги што нашите граѓани и бизнис-заедницата го очекуваат од својата општина.

## 8. SWOT АНАЛИЗА

Анализата SWOT претставува методологија што се користи во подготвителната фаза во изработка на стратегиските планови во поглед на утврдувањето на визијата, целите и активностите поврзани меѓусебно. Оваа анализа поаѓа од тоа Општина Центар-Скопје да се развива, доколку максимално ги користи предностите и можностите, а во исто време да пронајде модул да ги минимизира слабостите и опасностите.

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| Близина на централниот аеродром | Недостиг на професионални обуки и тренинг центри |
| Добри транспортни врски и добра поврзаност со патната и комуникациската инфраструктура | Висока стапка на емиграција на квалификувани работници |
| Целосна електрифицирана мрежа на ниво на регион | Ниска свест кај компаниите за придобивките од енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија |

| | |
|---|---|
| Добра меѓуопштинска соработка со општините од градот Скопје, особено со соседните општини (заеднички проекти, иницијативи, градежни зафати и сл.) | Слаба комуникација меѓу бизнисите |
| Развиен приватен бизнис-сектор, посебно градежништво, угостителство, туризам и други услужни дејности | Недоволно високо ниво на дигитализација на органите на локалната самоуправа |
| Традиција во организирањето на културни и спортски активности (фестивали, спортски настани, концерти и сл.) | Непостоење на туристичка мапа<br>Нецелосно обучен кадар за давање поддршка на бизнис-секторот, недоволна координација со други институции |
| Ниска стапка на невработеност во однос на националниот просек | |
| Постоење на туристички капацитети и инфраструктура (Градски плоштад, Стара скопска чаршија, Скопско кале, Водно, Градски парк и Градски стадион, најголем број верски објекти во градот, речиси сите музеи и други културно-историски споменици и установи) | |
| Културно-историски знаменитости | |
| Административен, образовен и културен центар на државата | |

| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
|---|---|
| Достапни европски и други фондови (ИПА и прекугранична соработка)<br>Растечки интерес за инвестирање во Општината<br>Субвенционирање за евтини авионски летови што го прави Скопје попристапно<br>Растечки интерес за посета на нови дестинации<br>Постоење на финансиски институции што кредитираат МСП и големи компании | Зголемен тренд на одлив на населението со тоа и на квалификуван кадар на национално ниво<br>Нецелосна децентрализација и измешани надлежности со Град Скопје<br>Политичка, економска и енергетска криза и геополитички случувања |
| Достапност на програмите на АВРСМ за самовработување и микрокредитирање | Намалување на наталитетот |
| Постоење на национални развојни стратегии од областа на бизнис-секторот | Непостоење на доверба на главните носители на развојот на национално ниво |
| Растечки тренд и интерес за искористување на обновливите извори на енергија | Непостоење стратегија за справување со сиромаштијата на национално ниво |

9. **АКЦИСКИ ПЛАН со мониторинг индикатори**
**Акцискиот план со мониторинг индикатори е креиран врз основа на трите поставени стратегиски цели**

## СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 1 - ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛОВНОТО ОПКРУЖУВАЊЕ

| ***Активности/проектни идеи*** | ***Времетраење (почеток/крај)*** | ***Вклучени партнери*** | ***Предвидени трошоци*** | ***Резултати (директни (outputs))*** | ***Мониторинг индикатори*** |
|---|---|---|---|---|---|
| Мапирање на бизнис-секторот | март - септември 2024 година | НВО и комори и асоцијации | 200.000 | Дефинирање на реалната слика на бизнис-секторот Добиена реална слика за бизниси што се лоцирани и кои функционираат на територијата на Општината | Изготвена мапа на бизниси што се регистрирани или дејствуваат во Општина Центар-Скопје |
| Организирање редовни средби со бизнис-секторот | октомври - декември 2024 година и континуирано | Бизнис-сектор и НВО | / | Воспоставување систематизирана или уште подобро подобрена комуникација со бизнис-секторот | Број на средби по сектори Број на учесници Добиени информации за потребите |
| Реализација на обуки за преквалификација на невработени лица во согласност со потребите на бизнис-секторот | ноември 2024 - јуни 2025 година и континуирано во согласност со потребите | Бизнис-сектор, АВРСМ, невработени лица и Центар за образование на возрасни | 300.000 | Зајакнати вештини на човечките ресурси според потребите на пазарот на трудот | Број на одржани обуки Број на учесници |
| Иницирање проекти од заеднички интерес на Општината и бизнис-секторот | октомври - декември 2024 година и континуирано | Бизнис-сектор и НВО | 600.000 | Подобрена соработка и зголемена доверба помеѓу бизнис-секторот и Општината | Број на иницирани заеднички проекти Број на вклучени субјекти |

## СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 2 - ДИГИТАЛЕН РАЗВОЈ - ПОВИСОК СТЕПЕН НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ПОДДРШКАТА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

| *Активности/проектн и идеи* | *Времетраење (почеток/крај)* | *Вклучени партнери* | *Предвидени трошоци* | *Резултати (директни (outputs))* | *Мониторинг индикатори* |
|---|---|---|---|---|---|
| Воведување на ДМС - документ менаџмент систем во Општината | март 2025 - август 2027 година | ИТ-компании, НВО | 9.000.000 | Брзи и квалитетни услуги за граѓаните | Воспоставен ДМС |
| Воведување смарт паркинг | Тековно - 12.2028 година | ПОЦ, МВР, ИТ-компании, домашни и странски донатори | 80.000.000 | Заштеда на време и трошоци како резултат на поефикасно паркирање на целата територија на Општината | Број на смарт паркинзи |
| Воведување смарт осветлување | февруари 2024 - јануари 2025 година | Телекомуникациска компанија | 96.574.140 | Заштеда на електрична енергија Безбеден сообраќај Безбедни граѓани | Број на поставени смарт сијалични места |
| Воспоставување смарт урбана опрема (клупи, полначи за велосипеди, тротинети и автомобили) | јуни 2025 година и тековно | Домашни и странски донатори, НВО, ПОЦ, ЈСП | 600.000 денари по клупа | Заштеда на електрична енергија, Подобри услови за живот на граѓаните Заштита на животната средина | Број на поставена урбана опрема |

## СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 3 - СТИМУЛИРАЊЕ НА ЗЕЛЕНИ ПРОЕКТИ И ПОДДРШКА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

| *Активности/проектн и идеи* | *Времетраење (почеток/крај)* | *Вклучени партнери* | *Предвидени трошоци* | *Резултати (директни (outputs))* | *Мониторинг индикатори* |
|---|---|---|---|---|---|
| Стимулирање на зелени бизниси преку различни модели (грантови, техничка помош, заеднички апликации и сл.) | јануари 2025 година и тековно | Средства од буџетот на Општина Центар и домашни и странски донатори | 1.500.000 | Зголемена свесност за придобивките од иницирање или трансформација во зелени бизниси | Број на отворени зелени бизниси Број на бизниси што се трансформирале во „зелени“ |
| Поставување фотоволтаични системи на општинските згради | април 2024 година и континуирано | Домашни и странски донатори, ЈП Енергија-Центар, општински училишта | 1 Kw – 50.000 Оптимално 25 Kw по објект, односно 1.500.000 по објект | Заштита на животната средина Подобрена свесност за придобивките од енергетска ефикасност Стимулирање поактивно вклучување во спроведувањето мерки за | Број на поставени фотоволтаични системи Намалена потрошувачка на електрична енергија |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | и градинки | | енергетска ефикасност<br>Модел, пилот-проект за подигнување на свесноста за потребата од воведување енергетска ефикасност | |
| Промоција и поддршка на селекција на биоотпад од компаниите и домаќинствата | септември 2023 | Компании од Општина Центар | / | Заштита на животната средина<br>Подобрена свесност за придобивките од селекцијата на биоотпад | |
| Редовно мерење и контролирање на бучавата | јануари 2025 година | Релевантни компании | 7.000.000 | Заштита на животната средина<br>Подобрување на квалитетот на живот на граѓаните | Број на поставени мерачи<br>Намалена бучава измерена во децибели на месечно ниво |

## 10. **Мониторинг**

Следењето и евалуацијата на напредокот и ефектите од имплементацијата на Стратегискиот план ќе се врши континуирано од општинската администрација преку мониторинг индикаторите наведени во Акцискиот план.

## 11. Извори на финансирање

| ***Активности*** | ***Предвидени трошоци*** | ***Извори на финансирање*** | | | | ***Забелешки*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ***Локален буџет*** | ***Приватен сектор*** | ***Донатори*** | ***Други*** | |
| 1.1. Мапирање на бизнис-секторот | 200.000 | 200.000 | | | | 2024 година |
| 1.2. Организирање редовни средби со бизнис-секторот | / | | | | | За оваа активност не се предвидени дополнителни трошоци затоа што е во рамките на редовните активности |
| 1.3. Реализација на обуки за преквалификација на невработени лица во согласност со потребите на бизнис-секторот | 300.000 | 200.000 | 100.000 | | | |
| 1.4. Иницирање проекти од заеднички интерес на | 600.000 | 200.000 | 600.000 | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Општината и бизнис-секторот | | | | | | |
| 2.1. Воведување ДМС во Општината | 9.000.000 | 9.000.000 | | | | 2024 и 2025 година се период на подготвителни активности, техничката имплементација ќе започне на крајот на 2025 година / почетокот на 2026 година |
| 2.2. Смарт паркинг | 8.000.000 | 8.000.000 | | | | Износот се однесува за смарт паркирање на 10 поголеми улици во Општината, имајќи ја предвид набавката за смарт паркирање на ул. Орце Николов, во вредност од 8.000.000 денари |
| 2.3. Смарт осветлување | 96.574.140 | 96.574.140 | | | | Износот се однесува за целосно покривање на Општината |
| 2.4. Смарт урбана опрема (клупи, автобуски постојки, полначи за велосипеди, тротинети и автомобили) | 12.000.000 | 6.000.000 | 1.000.000 | 5.000.000 | | |
| 3.1Стимулирање на зелени бизниси преку различни модели на грантови, техничка помош, заеднички апликации и сл. | 1.500.000 | 1.500.000 | | | | |
| 3.2. Поставување фотоволтаични системи на општинските згради | 15.500.000 | 10.000.000 | | 5.500.000 | | Очекуван поврат на инвестиција за три години од поставувањето и натамошна самоодржливост |
| 3.3 Промоција и поддршка на селекцијата на биоотпад од компаниите и домаќинствата | / | | | | | |
| 3.4. Редовно мерење и контролирање на бучавата | 7.000.000 | 7.000.000 | | | | |
| ***Вкупно*** | **222.674.140** | **210.674.140** | **1.700.000** | **10.500.000** | | |

